# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ е основана како правен субјект од страна на Општина Крива Паланка во 2006 година и е независна, јавна, транспарентна, непартиска и непрофитна организација.Нејзина цел е развој на културата и филантропските активности преку реализирање на проекти, размена на идеи и искуства и промоција на Крива Паланка пред домашната и меѓународната јавност. Делува на подрачјето на Општина Крива Паланка, Р.С. Македонија и пошироко, отворена е за соработка со организации, здруженија, фондации и иституции во земјата и во странство.

Фондацијата има клучна улога во поддршката на уметноста и културните иницијативи. Таа обезбедува финансиски средства и ресурси и реализира проекти и програми со кои се поттикнуваат креативноста и иновациите во заедницата. Исто така, Фондацијата промовира и социјална одговорност и заедништво, поттикнувајќи го активизмот, волонтеризмот и донаторството. Реализацијата на овие иницијативи ја збогатува културната сцена и придонесува за развојот на локалната заедница.

Целта на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ е ставање на локалните природни, човечки и стопански ресурси во функција на севкупниот локален развој и подобар квалитет на живот, со акцент на подршка и унапредување на културата, уметноста и културното наследство во општината, поддршка на проекти поврзани со корпоративната филантропија, реализација на програми и проекти од хуманитарен и социјален карактер, како и реализација на програми и проекти поврзани со децентрализацијата и остварување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Фондацијата ќе даде придонес за унапредување на локалниот развој, создавање услови за подобрување на квалитетот на живот и имплементација на проекти кои се од општ и заеднички интерес на општината. Исто така, ќе делува кон обединување и соработка со сите релевантни фактори во општината, државата и на меѓународен план, со посебен акцент на истакнати личности и граѓани од Крива Паланка, кои со своите капацитети, искуства и експертиза можат да дадат придонес за развој на културата, филантропијата и хуманоста.

Нашето мото е "Заедно за културата и филантропијата".

**ЦЕЛИ**

Основни цели на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ се:

1. **Реализација на културни активности**: Обезбедување финансиски средства и ресурси за реализација на културни проекти и настани.

2. **Филантропски активности**: Организирање на кампањи и промоција на Фондацијата за привлекување донаторски средства за развој на културата и социјалниот живот на заедницата. Посебен акцент е ставен на кампањата „Концертен клавир за Крива Паланка“.

3. **Зголемување на свеста**: Подигнување на јавната свест за важноста на културата и хуманоста во општеството.

4. **Соработка и партнерства**: Организирање на настани и средби кои поттикнуваат соработка, размена на идеи и воспоставување партнерства.

5. **Поддршка на иновации**: Поттикнување на нови уметнички форми и иновации во културната продукција.

6. **Унапредување на социјалната праведност**: Поддршка на проекти кои се фокусираат на социјални проблеми и рамноправност.

Меѓу целите и задачите на Фондацијата се и развој на модел на партнерство на трите сектори (јавен, приватен и невладин), зголемување на улогата на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементација на културни политики, јакнење на демократските процеси во заедницата, поддршка на унапредување и развој на туризмот, и друго.

На 01.11.2024 година беше одржана седница на која се назначени нови органи на Фондацијата, избран е Управен одбор, претседател на Управен одбор и нов извршен директор. Извршена е и постапка за запишување на промените во Централниот регистар на СРМ.

**ОПИС НА ПРОГРАМА/ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026**

1. **Спроведување на кампања „Концертен клавир за Крива Паланка“**

Кампањата за обезбедување на концертен клавир започна во 2024 година, во рамки на „Крива Паланка-Град на културата“ преку која беа собрани одредени финансиски средства. Истата продолжи и во 2025 година за обезбедување на дополнителна финансиска поддршка и донации со надеж дека ќе бидат собрани доволно средства за обезбедување на овој капитален музички инструмент. Кампањи беа организирани во рамки на повеќе културни нстани и манифестации што се реализирани во општина Крива Паланка.

Кампањата ќе продолжи и во 2026 година при што е планиранисредби со донатори, промотивни настани за истата, како и собирање донации во рамки на културните настани и манифестации што се дел од програмите на општината и културните институции.

Оваа активност е целогодишна и континуирана.
Со набавката на концертен клавир видно ќе се зголемат можностите на општината и културните институции за организирање на настани и настапи на емиментни уметници.
Активности:

- Кампањи за време на културни настани и др.
- Промотивни активности (онлајн кампањи, спонзорирани објави, флаери, набавка на кутии за донации и др.)
- Средби со потенцијални донатори

**2. Одбележување на Бадник и Божиќ со традиционални манифестации**

Овие манифестции се организираат со цел да се одбележат големите христијански празники Бадник и Божиќ преку традиционални настани кои го негуваат духовниот и културниот идентитет на заедницата и кои се одржуваат со години наназад.

Активности:

- Делење на бадникови пакетчиња
- Избор на кум
- Бадникова поворка
- Традиционална празнична трпеза
- Хуманитарна акција за матуранти од социјално-ранливи семејства
- Празнична народна веселба

**3. Манифестација „Водици“**

Одбележувањето на празникот Водици претставува една од најзначајните духовни и традиционални манифестации во Крива Паланка. Настанот е посветен на празникот Богојавление и симболичното осветување на водите, збогатен со традиционалната манифестација „Пивтијада“ и други придружни активности.

Активности:

- Фрлање на крст во Крива Паланка
- Делење бесплатни пијалоци (чај, вино, ракија)
- Подготовка на пивтии и друга традиционална храна
- Набавка на намирници
- Хонорари за ангажирани лица
- Културно-забавна програма
- Украсување на сцена

**4. Манифестација „Сусурига“**

„Сусурига Фест“ е културно-етнолошка манифестација, која е востановена во 2024 година Како уникатен културен настан, таа е посветена на древниот кривопаланечки обичај на палење „сусурига-оган“ и маскирање по повод верскиот празник Прочка.

Целта е да се оживее и зачува богатото наследство на регионот преку огнени ритуали, маскенбали и народни веселби.

Активности:

- Дефиле под маски
- Фестивал на групни маски и креативни костими
- Ритуално палење „сусурига“ – симбол на прочистување и нов почеток
- Богата придружна програма со музика, танци и локални гастрономски специјалитети
- Ручек за учесници

**5. Одбележување на Денот на Ромите „7-ми Април“**

По повод Денот на Ромите предвидена е пригодна свеченост, со цел да се зголеми свеста за културното наследство и правата на Ромите, инклузија и почитување на различностите во општеството, како и придонес против дискриминацијата на оваа етничка заедница.

Активности:

- Организирање свечена прослава за ромската заедница

**6. Смотра на олд тајмери**

Смотрата на олдтајмери претставува уникатна манифестација посветена на љубителите на класични автомобили и мотоцикли, која ја оживува автомобилската историја и култура. Настанот има за цел да ги поврзе генерациите преку изложба на ретки и реставрирани возила, да поттикне интерес кај младите и да привлече туристи и ентузијасти од општината и регионот.

Активности:

- Изложба на класични автомобили и мотоцикли
- Дефиле низ градските улици
- Музичко-забавна програма
- Доделување признанија
- Фото зона и дружење со ланч пакети

**7.Одбележување на Денот на „Свети Јоаким Крчовски“ и на Денот на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“ (23/24 мај)**

Одбележувањето на патроните празници на „Свети Јоаким Крчовски“ и на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“ претставува значаен културно-образовен настан, кој ја слави просветителската мисија, духовното наследство и јазичната култура на словенските народи. Манифестацијата има за цел да поттикне почит кон образованието, наставниците и учениците, како и да ја истакне важноста на образованието и културна самобитност.

Активности:

- Свечена академија**-** централен настан
- Доделување награди за најистакнати просветни работници и ученици
- Свечен концерт со настап на познати уметници

**8. Одбележување на патрониот празник на Општина Крива Паланка „Свети Јоаким Осоговски“**

Одбележувањето на патрониот празник на Општина Крива Паланка, „Свети Јоаким Осоговски“, претставува еден од најзначајните културно-духовни настани во годината, кој обединува традиција, музика и заедништво.

По тој повод во општината доаѓаат голем број гости, посетители и иселеници, а главната цел е обединување на заедницата околу патроната слава и славеничката атмосфера.

Традиционално, за овој празник во општината се организира голема концертна прослава со настап на познати музички ѕвезди од земјата и од регионот.

Активности:

- Концерти со познати музички ѕвезди

**9. Пригодни свечености по повод Денот на ослободувањето на Општина Крива Паланка „8-МИ ОКТОМВРИ“**

Денот на ослободувањето на Општина Крива Паланка, „8-ми Октомври“ се одбележува со низа свечени и културни настани кои ја слават историјата, континуитетот и развојот на општината. Овој ден е посветен на историското ослободување на градот и претставува момент на благодарност кон сите кои придонеле за слободата и развојот на заедницата.

По тој повод во општината престојуваат бројни гости и делегации од збратимени градови, општини, соработници и заслужни граѓани за кои се организираат пригодни свечености.

Активности:

- Свечената академија
- Доделување на Осмооктомвриски награди и признанија
- Свечен концерт
- Манифестација „Шопска софра“

**10. Новогодишен базар**

Новогодишниот базар во Крива Паланка е традиционална празнична манифестација исполнета со музика, концертни настапи и забавни содржини.

Овој настан е наменет за сите генерации и претставува идеална можност за празнично дружење, културно уживање и подготвување за најveselиот период од годината, во духот на заедништвото, обединувањето и славењето.

Активности:

- Предновогодишни празнувања
- Културни и музичко-сценски настани со дневна и вечерна програма
- Програма за најмладите

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

| **НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА/ПРОЕКТОТ:**<br><br>**Програма за работа за 2026 година на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“** | |
|---|---|
| **ВКУПЕН ИЗНОС НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА (ВО ДЕНАРИ)** | **9.030 000** |
| **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | |
| - Приход од Буџетот на општина Крива Паланка | **5.030.000** |
| - Приход од Министерство за култура на Република Северна Македонија | / |
| - Сопствен приход (влезници и сл.) | / |
| - Приход од спонзори и донатори<br>- Одбележување на патрониот празник на Општина Крива Паланка „Свети Јоаким Осоговски“ - 2.500 000<br>- Новогодишен базар – 1.500 000 | **4.000.000** |
| - Останати приходи (да се наведат кои) | / |
| **ВКУПНО** | **9.030.000** |
| **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**<br><br>(расчленето по ставки за материјални трошоци<br><br>и програмски активности за секој проект поединечно доколку се поднесуваат повеќе предлог проекти) | |
| 1. Спроведување на кампања „Концертен клавир за Крива Паланка“<br><br>-Кампањи за време на културни настани и др.- /<br>-Промотивни активности (онлајн кампањи, спонзорирани објави, флаери и др.) – 10.000<br>-Средби со потенцијални донатори -10.000 | **20.000** |
| 2. Одбележување на Бадник и Божиќ со традиционални манифестации<br><br>-Делење на бадникови пакетчиња | **450.000** |

| | |
|---|---|
| -Избор на кум<br>-Бадникова поворка<br>-Традиционална посна трпеза<br>-Народна веселба<br>-Одбележување на празникот Божиќ<br>-ЗАМП | |
| 3. Манифестација „Водици“<br><br>-Фрлање на крст во Крива Паланка<br>-Делење бесплатни пијалоци (чај, вино, ракија)<br>-Подготовка на пивтии и друга традиционална храна<br>-Набавка на намирници<br>-Хонорари за ангажирани лица<br>-Културно-забавна програма<br>-Украсување на сцена<br>-ЗАМП | **300.000** |
| 4. Манифестација „Сусурига<br><br>-Дефиле под маски<br>-Фестивал на групни маски и креативни костими<br>-Ритуално палење „сусурига“ – симбол на прочистување и нов почеток<br>-Богата придружна програма со музика, танци и локални гастрономски специјалитети<br>-Ручек за учесници | **200.000** |
| 5. Одбележување на Денот на Ромите „7-ми Април“<br><br>-Свечена прослава<br>-ЗАМП | **100.000** |
| 6. Смотра на олд тајмери<br><br>-Изложба на класични автомобили и мотоцикли<br>-Дефиле низ градските улици<br>-Музичко-забавна програма<br>-Доделување признанија<br>-Фото зона и дружење со ланч пакети<br>-ЗАМП | **60.000** |
| 7. Одбележување на Денот на „Свети Јоаким Крчовски“ и на Денот на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“ (23/24 мај)<br><br>-Свечена академија**-** централен настан<br>-Доделување награди за најистакнати просветни работници и ученици<br>-Свечен концерт со настап на познати уметници<br>-ЗАМП | **500.000** |
| 8. Одбележување на патрониот празник на Општина Крива Паланка „Свети Јоаким Осоговски“ | Општина -<br>**1.500.000**<br><br>Спонзорства- |

| | |
|---|---|
| - Концерти со познати музички ѕвезди | **2.500 000** |
| 9. Пригодни свечености по повод Денот на ослободувањето на Општина Крива Паланка „8-МИ ОКТОМВРИ“<br><br>-Свечената академија<br>-Доделување на Осмооктомвриски награди и признанија<br>-Свечен концерт<br>-Манифестација „Шопска софра“<br>-ЗАМП | **400.000** |
| 10. Новогодишен базар<br><br>-Предновогодишни празнувања<br>-Културни и музичко-сценски настани со дневна и вечерна програма<br>-Програма за најмладите<br>-ЗАМП | Општина - **1.500.000**<br><br>Спонзорства – **1.500 000** |
| **ВКУПНО** | **9.030 000** |

**Забелешка:** Сите активности од програмата на Фондацијата ќе бидат спроведени во соработка и со финансиска и логистичка поддршка од Општина Крива Паланка. Континуирана соработка во делот на тековните активности, административни процедури и слично се реализира и со ЛУ Градски музеј Крива Паланка. Истовремено, соработка има и со останатите културни установи, кулурни здруженија и поединци.

## НАДОМЕСТОЦИ И ОПЕРАТИВНО-МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

### 1. Хонорар за ангажирано лице, одговорно за Фондацијата

Во рамки на оперативното функционирање на Фондацијата, предвиден е хонорар за одговорното лице, кое ќе биде раководи со координацијата, организација и административно водење на активностите. Ова лице ќе има клучна улога во реализацијата на програмските цели, комуникацијата со партнери и институции, како и во обезбедување отчетност и транспарентност во работењето.

Хонорарот е предвиден согласно обемот на работа, одговорностите и времетраењето на ангажманот, во согласност со важечките законски регулативи.

Одговорното лице користи сопствени ресурси за реализација на активностите (простор, телефон, интернет, техничка опрема).

Активности/Обврски:

- Стратешко и оперативно планирање на активности
- Координација на проекти, настани и иницијативи
- Подготовка на годишна програма на активности
- Подготовка на извештаи, дописи и административна документација
- Комуникација со донатори, медиуми и соработници
- Одржување на веб страница и дигитални канали
- Организирање седници на Управен одбор
- Подготовка и реализација на договори

**2. Надворешни услуги - Изработка на веб страница на Фондацијата**

Изработката на официјална веб страница на Фондацијата претставува стратешки чекор кон дигитална трансформација, промоција, транспарентност и поголема достапност до јавноста.

Веб страницата ќе биде централна платформа за комуникација, информирање и промоција на активностите, проектите и вредностите на Фондацијата.

Таа ќе овозможи подобра комуникација со заедницата, потенцијалните партнери и донатори, како и промоција на позитивни иницијативи и општествени промени.

Активности:

- Дизајн
- Уредување со содржини
- Домен и хостинг

**3. Оперативни и материјални трошоци**

Оперативните и материјалните трошоци претставуваат неопходна категорија во буџетското планирање на Фондацијата, со цел обезбедување логистичка и техничка поддршка за реализација на програмските активности, настани и проекти. Овие средства се наменети за набавка на материјали, опрема и услуги кои директно придонесуваат кон квалитетна и ефикасна имплементација.

Активности/Обврски:

- Сметководствени услуги
- Завршна сметка
- Канцелариски материјали и потрошен инвентар
- Печатен и промотивен материјал
- Други трошоци
- Подмирување на обврската кон ЗАМП за користење музички дела при реализација на програмските активности на Фондацијата во текот на 2025 година

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАДОМЕСТОЦИ, НАДВОРЕШНИ УСЛУГИ И ОПЕРАТИВНО-МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

| | |
|---|---|
| **ВКУПЕН ИЗНОС НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА (ВО ДЕНАРИ)** | **627.000** |
| | |
| 1. **Хонорар за ангажирано лице, одговорно за Фондацијата**<br>Бруто месечен надоместок -45.000 х 12м = 540.000 | **540.000** |
| 2. **Надворешни услуги - Изработка на веб страница на Фондацијата**<br>-Дизајн – 20.000<br>-Уредување со содржини -/<br>-Домен и хостинг- 7.000 | **27.000** |
| 3. **Оперативно-материјални трошоци**<br>- Сметководствени услуги – 3000 х 12м = 36.000<br>- Завршна сметка – 4.000 такса<br>-Печатен и промотивен материјал – 5.000<br>-Канцелариски материјали и потрошен инвентар - 10.000<br>-Други трошоци – 5.000<br>-Подмирување на обврската кон ЗАМП за користење музички дела при реализација на програмските активности на Фондацијата во текот на 2025 година | **60.000** |
| **ВКУПНО** | **627.000** |

**Вкупно средства**

| | |
|---|---|
| Програмски активности | **9.030 000** ден.<br>**5.030.000**-Општина Крива Паланка<br>**4.000.000 -** спонзорства |
| Надоместоци, надворешни услуги и оперативно-материјални трошоци | **627.000 ден.** |
| **Вкупно** | **9.657.000 ден.** |

Фондација „Со срце за Крива Паланка“
извршна директорка

Жаклина Цветковска